ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 04-1050/9
**Датум:** 21.11.2023

Врз основа на член 9 став (1) точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/2016 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија број 01-690/1 од 03.06.2021 година, а во врска со Извештај број 04-1084/2 од 20.11.2023 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Самостоен ревизор за ревизија на субјектите на одбраната, јавната безбедност и Народната банка на РСМ, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-1084/1 од 10.11.2023 година, по објавен Интерен оглас за унапредување заверен под број 04-1050/2 од 08.11.2023 година, Главниот државен ревизор донесе:

## ОДЛУКА

**За избор на кандидат за унапредување на работно место Самостоен ревизор за ревизија на субјектите на одбраната, јавната безбедност и Народната банка на РСМ со шифра на работно место РЕВ 01 01 В01 001**

1. По спроведената постапка за селекција за унапредување на еден кандидат на работно место **Самостоен ревизор за ревизија на субјектите на одбраната, јавната безбедност и Народната банка на РСМ со шифра на работно место РЕВ 01 01 В01 001**, по Интерен оглас заведен под број 04-1050/2 од 08.11.2023 година, се избира кандидатот м-р Соња Тарчуговска.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со реализација на Годишниот план за вработување за 2023 година на Државниот завод за ревизија и претходно добиено Известување за обезбедени средства во буџетот на Државниот завод за ревизија за унапредување број 47-831/3 од 21.08.2023 година, објавен е Интерен оглас за унапредување заверен под број 04-1050/2 од 08.11.2023 година, за унапредување на еден кандидат на работно место Самостоен ревизор за ревизија на субјектите на одбраната, јавната безбедност и Народната банка на РСМ со шифра на работно место РЕВ 01 01 В01 001.



INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

Согласно Извештај број 04-1084/2 од 20.11.2023 година за спроведена селекција за унапредување на државен ревизор за работно место Самостоен ревизор за ревизија на субјектите на одбраната, јавната безбедност и Народната банка на РСМ, донесен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 04-1084/1 од 10.11.2023 година за работното место за кое е објавен интерниот оглас, вработената м-р Соња Тарчуговска, која ги исполнува општите и посебните услови за работното место, и ги дала потребните одговори на поставените прашања на интервјуто одржано на 20.11.2023 година, по што Комисијата поднесе предлог до Главниот државен ревизор за донесување Одлука за избор на вработената м-р Соња Тарчуговска за унапредување на наведеното работно место.

Во согласност со член 8 став 13 од Колективниот договор за вработените во Државниот завод за ревизија, Главниот државен ревизор ја донесе оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатите и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија .

**Главен државен ревизор,**

**М-р Максим Ацевски**

Изработил: М-р Весна Богдановиќ
Одобрил: М-р Александар Поповски